Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0307-224
16. 02. 2011 год.
СКОПЈЕ

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 03-183/1
18. 02. 2011 год.
СКОПЈЕ

Црвениот крст на Република Македонија и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС, со желба да ги регулираат взаемните односи за понатамошен развој и соработка во иднина, а во согласност со важечкото законодавство и интерните акти, долупотпишаните страни го утврдија и усогласија следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Склучен на ден 16.02. 2011 г.**

помеѓу

**Црвениот крст на Република Македонија**
застапуван од Саит Саити, вд. Генерален секретар

и

**Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија**
Претставуван од Коце Трајановски, Претседател

## ЦЕЛ НА МЕМОРАНДУМОТ

### Член 1

Цел на овој меморандум претставува воспоставување на соработка меѓу горенаведените страни, со цел покренување на взаемни иницијативи и нивна реализација.

Да се обезбеди координација во делувањето за реализација на програми и проекти од надлежност и интерес на двете страни.

## ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ

### Член 2

Со овој меморандум двете страни се ангажираат да ги реализираат следните заеднички иницијативи:

1. Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС):

- ќе препорача на своите членки да воспостават тесна соработка со Општинските организации на Црвен крст за имплементација на заеднички проектни активности;

- ќе ги координира активностите на своите членки во насока на усогласување на потребите и иницијативите опфатени со овој Меморандум;

- ќе потикнува реализација на активности и проекти;

2. Црвениот крст на Република Македонија:

- ќе препорача на Општинските организации на Црвен крст (ООЦК) да воспостават тесна соработка со Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) за имплементација на заеднички проектни активности;
- ќе ги координира активностите на ООЦК кои врз основа на утврдени приоритети во соработка со ЕЛС ќе бидат наменети за задоволување на потребите на целните групи;
- ќе иницира ООЦК да соработуваат со владини и невладини организации на територијата на ЕЛС за нивна вклученост и поддршка во имплементација на заеднички проекти.
- ќе иницира и спроведува разни форми на активности за едукација на населението со цел подигање на свеста за справување и намалување на ризици.

**Член 3**

Двете страни ќе обезбедат меѓусебна соработка и поддршка и со други партнери, вклучувајќи:

- координираност во имплементација на активностите;
- интегративно учество во работата на комисии и работни групи;
- пристап до фондовите за поддршка и развој;
- меѓусебно информирање и известување;

преку склучување на договори за соработка помеѓу ООЦК и ЕЛС.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 4**

Овој меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Член 5**

Во случај на потешкотија во имплементација на одредбите на овој меморандум, страните веднаш меѓусебно се консултираат. Доколку било која од страните одлучи да го прекине меморандумот, тоа треба да се направи со формално писмено известување до другата страна, 30 дена однапред.

**Член 6**

Овој меморандум е потпишан во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**Заедница на единици на локална самоуправа на Р.М. – ЗЕЛС**
**Претстедател,**

**Коце Трајановски**

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ОПШТИНИ
ЗЕЛС
СКОПЈЕ

**Црвен крст на Република Македонија,**
**вд. Генерален секретар**

**Саит Саити**

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ